Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Примено: 20__ година
Потпис,
ОПШТИНА КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ (I)

| Примено: | 03.01.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 22 - 108/1 | | | |

Архивски бр. 15-8127/2

Дата: 29-12-2022

ДО: Општина Кочани
Ул. Раде Кратовче бр. 1
2300 Кочани
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 22-464/25 од 18.11.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под **бр. 15-8127/1 од 21.11.2022 година** и доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина за **Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаишни електрани во м.в. Страна, КО Трқање и пристапен пат низ м.в. Средни Рид, КО Трқање и низ м.в. Сламарник и м.в. Чифлико, КО Бели, – Општина Кочани**, врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот. Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Милева Тагасовска